**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Седмото продолжение на Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,47 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Светлана Јакимовска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубисав Иванов Ѕинго, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Никола Поповски, Илинка Митрева, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Валентина Божиновска, Фијат Цановски, Абдулади Вејсели, Петар Поп Арсов, и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со 25-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандман на член 1 став 1 поднесен од пратениците Марјанчо Николов, Ацо Киров, Благородна Цветковска, Влатко Серафимов и Никола Рилковски.

Господинот Серафимов се повлече.

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

За овој амандман се расправаше последниот пат кога се држеше продолжението на оваа седница, а се однесува на тоа што Владата со Предлог законот за измени и дополнувања на

Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, во членот 1, драстично ги заострува условите под кои што општините можат да се задолжуваат во земјата и на тој начин става рака врз еден многу значаен финансиски инструмент, со кој што општините можат, до колку имаат потреба да решат некои тековни финансиски пробелми, или до колку сакаат да влезат во одредени проекти, кој што на долг рок ќе донесат значителни резултати, сега, со Предлогот на Владата се бара согласност од самата Влада за да може општината да се задолжи во земјата и на тој начин се врши наместо процесот на децентрализација да продолжи,се врши еден вид централизација повторно во Република Македонија.

Претходно кога дискутиравме по овој амандман, упативме прашања до Министерството, зошто Владата се реши на ваков чекор, кои се мотивите за една ваква мерка, или за едно вакво законско решение, зошто Владата го прави ова и да ни објасни едноставно Министерството или Владата што е целта на овие измени.

Кај нас, кај нашата пратеничка група се јави сомневање дека како што се доближува процесот, времето за отпочнување на втората фаза од процесот на децентрализација, така Владата во многу области ги прибира кон себе многу надлежности, кои по почнувањето на втората фаза, треба да бидат во надлежност на единиците на локалната самоуправа.

Сметаме дека тоа не е добро за Република Македонија. Не е добро како за самите граѓани кои што живеат во општината, а исто така не е добро ниту за европските перспективи на Република Македонија. Ако имаме предвид дека процесот на децентрализација и неговото одвивање во фаза е еден од клучните услови да го продолжиме нашиот пат кон интеграциите во Европската унија, мислам дека со вакви законски решенија Владата фактички става една рака врз финансирањето на општините и врши многу ограничувања во делот на финансирањето. Практично го враќа процесот назад.

Ако во првата фаза се одеше многу внимателно и на општините им се даде време, пред се кадровски и финансиски во делот на финансиите да се екипираат, да формираат финансиски сектори, одделенија во рамките на општините, да вработат внатрешни ревизори, овластени сметководители, лица кои ќе се грижат за прибирањето на даноците, кои што со процесот на децентрализација припаднаа во надлежност на општините и на еден начин се вршеше подготовка за втората фаза, во која што општините ќе можат, или ќе имаат право да се задолжуваат кај финансиски институции, за да можат да решаваат дел од проблемите во рамките на своите локални самоуправи.

Сега Владата почнува да го кочи тој процес. Ние вчера видовме, имавме исто така расправа во ова Собрание околу амандманите, со кои што се предлагаше и за спортските сали, или спортските објекти да се наменат средства во рамките на единиците на локалната самоуправа. Имавме неколку амандмани за тоа зафаќањето од даноците од ДДВ и од персоналниот данок од 3% да се зголмат на 4,5%, со цел да можат општините финансиски да зајакнат и д аможат добро да се носат со пробелмите кои што им се

наметнуваат со продолжување на процесот на децентрализација.

Сега, мислам дека Владата, или Министерството за финансии сака овој процес да го закочи. Ние сеуште како Парламент немаме никакви податоци до каде е оценувањето на општините. Кој општини можат да ги исполнат условите да преминат во втората фаза на процесот на децентрализација. Ако има општини кои не можат да преминат во втората фаза на процесот на децентрализација, имајки ги превид и финансиските параметри, кои што ги покажуваат, а исто така имајки ги предвид и финансиската кадровска екипираност во рамките на локалната самоуправа, нека ни ги достави Министерството за финансии. Има формирано Комисија во рамките на Министерството, или на Владата, која што врши оценување на општините. Но верувајте, од податоците што ги имаме, оценувањето или методологијата која што е определена, или усвоена за оценување на општините е даелу од тоа да може да ја прикаже реалната состојба на една општина од аспект на финансиите. На пример, таму мислам дека се даваат негативни бодови, ако општината изврши ребаланс на Буџетот. Мислам дека тоа е еден процес во буџетското планирање кој што и законски е дозволен и кој што треба да се врши кога во законот е детерминирано, ако планираните приходи и расходи надминат 5% од она што е планирано. Значи повеќе од 5% да се зголемат приходите, или расходите по некоја ставка, тогаш општината е задолжена да направи ребаланс.

Сега со процесот на децентрализација, многу трошоци, или многу обврски во делот на образованието, како што се првозот, тековното одржување на училиштата, беа префрлени, или димензионирани да се префрлат на општините, по основ на историски или минати трошоци, но се покажа дека тоа не е реално и дека реалните обврски се многу поголеми и на општинит еод кога им се префрлија додатните средства, мораа да направат ребаланс. Сега за тоа ако се даваат негативни оцени, а не се зема на пример многу е јасно колку обврски има, какви се приливите, каква е структурата на обврските, каква е структурата на побарувањата, едноставно, да се дојде до една јасна слика дали општината може или не може тековно да работи. Да не зборувам дека во рамките на псотојниот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправ, а во членот 19, јасно се дадени условит епод кои што општината може краткорочно или долгорочно да се задолжува. Така на пример, јасно стои во членот 19, краткорочно задолжување. Стои дека општината може да се задолжува краткорочно во земјата со заем што ќе се отплати докрајот на тековната фискална година. Краткорочното задолжување се користи за покривање на привремен недостиг на готовински средства во општината, но не и за плаќање на казни и казнени камати.

Третиот став, вкупнио тизнос на краткорочното задолжување во текот на фискалната година не може да надмине 20% од реализираните вкупни приходи на тековно оперативниот Буџет во општината во претходната фискална година. Мислам дека од ова појасни услови дали општината може краткорочно, да не ги читам, малку се и повеќе условите, не знам што е потребно од ова појасно, за да може општината во земјата барем да се задолжува. Навистина, нема објаснување зошто Владата сака се да контролира во оваа држава и да стави капа или рака на се што треба некој друг да работи. Ако така ги поставуваме работите да видиме кој од каде го влече мандатот. Градоначалниците се избрани на непосредни избори. Владата е избрана од Парламентот. Силината на тие градоначалници, или довербата штоја добиле за решавање на пробелмите е далеку по јака од таа што е на Владата. Навистина, не знам како Владата си зема такви права да ги ограничи општините, барем во земјата да можат да се задолжуваат. Ќе направиме сериозни дефекти, ќе сакаме по политички основи некои градоначалници да ги правиме успешни, а некои да ги правиме неуспешни. Владата ќе дава согласност на овие, а нема да дава согласност на други градоначалници. Сите овие проекти кои што сега Владата ги прави, сите овие законски решенија, сите оние зафаќања од Буџетот што ги прави, она што беше со спортските објекти, се се тоа проекти кои што треба да завршат 2008-2009 година, кога следат локалните избори. Но ако Владата си прави стратегија за локалните избори, не може тоа да го прави на штета, или владеачкото мнозинство на штета на сите граѓани на Република Македонија, па таму каде што градоначалниците не се од владеачкото мнозинство да ги ограничува да можат да се задолжуваат. Верувајте, не е смислата на локалната самоуправа, или се да гледаме низ призмата на политиката. Има реални пробелми во општините. Има различна динамика на собирање на приходите и секоја општина може да дојде во ситуација краткорочно или долгорочна да се задолжи за да решава некои пробелми. Па да не зборуваме сега, да не почнуваме со финансиски инструменти да им дадеме на општините да издаваат обврзници или некои други хартии од вредност, за да може да прибираат средства. Ова прашање околу децентрализацијата и натамошниот развој на општините, мислам дека далеку ќе допринесе Македонија до колку Владата е спремна да го продолжи процесот, далеку повеќе ќе придонесе Република Македонија, побрзо да оди напред сега преку тој процес, отколку се да чекаме Владата да се смилува да даде или да не даде согласност. Ова е по мое мислење сериозна грешка на Владата која што ја прави со овој закон и ваквиот начин на ограничување на единиците на локална самоуправа, ќе се почувствува на многу прашања во интерес на граѓаните што треба да се реши на ниво на локална самоуправа и многу прашања ќе се префрлат повторно политички, отколку да ги оставиме реално сами од себе да се решаваат, со

тоа што општините ќе можат барем финансиски да земаат кредити за одредени прашања.

Затоа би ги замолил колегите пратеници, добро да размислат, без разлика што имаат директива да гласаат против амандманот.

Верувајте, овие се прашања кои што се во интерес на сите нас, а не се толку политички тесни, за да не може еднаш и тие да стиснат за и да подржат некој амандман од страна на опозицијата.

Мислам дека и законските ограничувања за задолжување на општините се многу јасни, се доста ограничувачки и секоја општина пред да се задолжи ќе гледа, ќе има мотив плус да ги исполни овие критериуми, потоа да земе кредит. А вака да чека согласност од Владата, ако на Владата не и одговара тој градоначалник, или не е од нивните редови, од владеачкото мнозинство, мислам дека правиме потези или предлагаме проекти кои се на штета на граѓаните на Република Македонија. а во интерес само на владеачките партии.

Затоа ги повикувам колегите да го пдоржат амандманот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николов.

Има збор господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

Јас како предлагач, односно подносител на амандманот, сакам да укажам на неколку работи од кои причини е поднесен амандманот. Со самиот закон кој што ни е предложен се става рака врз работата на единиците на локалната самоуправа, односно нивна дирекна контрола од страна на Министерството за финансии. Ако е само контролата од Министерството за финансии, тогаш е во ред. Меѓутоа, семтам дека оваа контрола ќе биде ставена од Владата на Република Македонија. Тогаш зошто, децентрализацијата ја делиме и по фази и зошто децентрализацијата секаде во секоја општина, односно во секоја единица на локалната самоуправа не е спроведена на начин како што е предвидено со самиот закон за децентрализација.

Во ред е да се води грижа за задолжувањето на единиците на локалната самоуправа. Меѓутоа, на кои општини? Како што кажа претходниот дискутант ние имаме направено односно Владата има направено некој пресек кој единици на локалната самоуправа можат да поминат во втората фаза на децентрализација, а кои единици на локалната самоуправа не ја спровеле ниту првата фаза од децентрализацијата.

Не можеме сите општини во Република Македонија да ги ставаме во еден ист кош и не можеме задолжувањето на една општина, да кажеме најголемата општина во Република Македонија Куманово, да ја споредиме со најмалата општина во Република Македонија. Тука треба да направиме разлики и тука треба да направиме пресек. Ако градоначалникот е избран на непосредни избори во една општина, тогаш на тој човек треба да му се овозможи целосна доверба да располага и со имотот на општината, да располага и со задачите и обврските кои што му се предвидени со закон. Меѓутоа, вака, ако некоја општина е заинтересирана да изгради некој капитален објект, да кажеме со еден самопридонес, или да кажеме со едно аминување на граѓаните на таа општина и на Советот на општината, тогаш треба да се бара согласнсост од Министерството за финансии. Нека ми одговорат претставниците од Министерството за финансии што ќе се случи, ако Министерството за финансии не даде одобрение за задолжување на таа општина.

Затоа семтам дека овој амандман е издржан и сметам дека ќе биде во интерес на граѓаните на Република Македонија, односно на сите единици на локалната самоуправа, без разлика дали се тоа големи или мали општини и без разлика градоначалникот од која политичка провиненција припаѓа.

Овој амандман не е ниту за градоначалниците на СДСМ, ниту за градоначалниците од ВМРО-ДПМНЕ и од другите политички партии.

Сметаме како предлагачи дека со овој амандман најмногу ќе добијат граѓаните на Република Македонија. А контролата врз работата на единиците на локалната самоуправа, Министерството за финансии има начин како да ја спроведе и на кој начин сето тоа да го исконтролира. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Серафимов.

Има збор господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници од Владата.

Еве и јас би кажал неколку збора, бидејќи колегата Марјанчо Николов доста кажа околу овој амандман, но бидејќи и јас сум подржувач на овој амандман, би сакал само накратко да дадам некои видувања.

Во член 1 став 2 од новиот Предлог закон, стои: “Општината може да се задолжува во земјата и странство само по претходна согласност на Владата на Република Македонија утврдена врз основа на мислењето на Министерството за финансии”. И колегата Влатко Серафимов и колегата Марјанчо Николов кажаа дека има шанси да се популизираат општините кои што имаат градоначалници од владеачкото мнозинство. Во постојниот Закон за финансирање на локалната самоуправа јасно и гласно е кажано во член 19 и член 20 кои се условите за задолжување на општините, а со овој закон со овој член се прекршуваат членовите 19 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Тука јасно е кажано, колегата Марјанчо Николов го прочита членот 19 кој се

однесува на краткорочното задолжување. Претпоставувам дека и другите пратеници го имаат постојниот закон, можат да го прочитаат и членот 20 кој се однесува на долгорочното задолжување. Според нас, поднесувачите на овој амандман, треба и стриктно бараме да се исполнат критериумите за краткорочни и долгорочни задолжувања утврдени во членовите 19 и 20 од постојниот закон. Точно се знае под кои услови може да се задолжува општината ако има потреба. Со овој член 1, уште ова сакам да го кажам без да пофторувам, централната власт односно преку Владата и Министерството за финансии може да ги злоупотребува овие два члена, членот 19 и членот 20, со тоа што иако некои општини нема да ги исполнат условите, има шанса и веројатно ќе биде така да добијат позитивно мислење од Владата и Министерството за финанасии и да се задолжуваат со краткорочни и долгорочни кредити. Според мене и според моите колеги овој член треба да се додаде, ако ги исполнат условите од членовите 19 и 20 на постојниот Закон за финансирање на локалната самоуправа.

Затоа, ве молам колеги пратеници, сите ние доаѓаме од некоја општина, сите како претставници на политички партии, на СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и другите политички партии кои имаат градоначалници од нивните редови и за да не дојде до злоупотреба на членовите 19 и 20, дајете да го прифатиме овој амандман и да овозможиме општините да бидат посамостојни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Киров.

Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

И јас чуствувам потреба да проговорам по овој амандман, бидејќи сум еден од предлагачите на истиот.

Во целина се согласувам со дискусиите на претходните дискутанти. Не би сакала да се повторувам. Доста исцрпно се произнесоа сите. Ние сметаме дека децентрализацијата е неминовен процес и само тој пат може да не води напред кон Европската унија.

Втора фаза, во надлежност на единиците на локална самоуправа, се прашувам зошто Владата врши ограничување во делот на финансирање. Владата не враќа назад, Владата во вакви услови го кочи развојот на општините, а од друга страна предлагаме закон за рамномерен регионален развој.

Почитувани пратеници, овој амандман го поднесовме со една единствена цел, да придонесеме во процесот на децентрализацијата кој треба да продолжи и децентрлизацијата треба да се спроведува најреално, политика во неа не треба да има и бидејќи сите општини не се во ист кош. Градоначалникот кој што е избран на непосредни избори мислам дека треба да има широки ингеренции и тој да го има главниот збор во општината. Владата се избира од Парламентот и затоа Владата не може да биде креатор во работата на општините, едноставно тоа е мешање во работата на општините. Ова не враќа назад, ова ќе направи чекори, не е еден туку два три чекори назад во развојот ако се продолжи вака.

Затоа почитувани пратеници, сметам дека најреално ќе сватите со каква намера го поднесовме овој амандман, да ги почитуваме членовите 19 и 20 и со задоволство - немојте да гледаме на нашите политички определби, туку човечки да го подржиме овој амандман за добро на цела Македонија за развојот на општините во Република Македонија. Верувам дека тоа навистина ќе наиде на разбирање од пратениците кои се наоѓаат во овој парламентарен дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Цветковска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред да ве повикам на гласање, да ги замолам пратениците кои не се присутни во салата да влезат во салата.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, амандманот го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

За амандманот гласале 62 пратеника, за гласале 12, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отоворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Весна Бендевска, Кире Гештаковски и Никола Ќуркчиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменикот министер, повелете.

**Предраг Трпески:** Вака како што е предложен амандманот, општината се задолжува по претходна согласност на Владата на Република Македонија единствено во случај кога Владата се јавува како гарант на задолжувањето. Ваков амандман и ваква промена не е потребна, затоа што пратениците треба да знаат, кога државата се јавува како гарант на задолжувањето нема потреба од обезбедување мислење, туку тоа се регулира со закон за задолжување на Република Македонија и тоа се донесува во Собранието. Било кога Република Македонија се задолжува или кога издава гаранција за долг, во случај кога јавното претпријатие или општината треба да се задложи, тоа се регулира со закон и законот се

носи во Собранието, така што амандманот не се прифаќа.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман има сериозна елаборација како и претходниот поднесен од моите колеги. Го слушнавме заменикот министер зошто овој амандман е неприфатлив за Владата. Мене министерството е многу јасно. Оваа Влада 8 месеци се обидува да го запре процесот на децентрализацијата. Овој амандман, почитуван господине заменик министер за локална самоуправа е во функција на тоа да им обезбедиме согласно духот на политиката на децентрализацијата можност на општините, кога веќе сами си се задолжуваат и имаат обврска да ги враќаат заемите или задолжувањата без оглед дали се добиени во земјата или странство, не гледаме причина Владата да го децентрализира на секој можен начин она што значи сериозно автономно одлучување на советите на општините, односно на едниците на локалната самоуправа.

Пред пет минути добивме сите пратеници известување по СМС порака дека Владата по итна постапка сака да ја започне втората фаза од новиот закон за рамномерен регионален развој, што апсолутно не соодвестува со вистинската желба на Владата да централизира на секое ниво и тоа е тоа.

Заради тоа и овој Предлог закон за измени и допонувања на Законот за финансирање на еднициите на локалната самоуправа. Ние како пратеничка група пред месец и половина доставивме барање со кое баравме на општините да им се зголеми процентот на зафаќање од данокот на додадена вредност и од персоналниот данок, со можност да им обезбедиме на единиците на локалната самоуправа финансиска одржливост. Кога сме веќе во очи на стартување на втората фаза на децентрализација со која се зголемуваат надлежностите делегирани од централно на локално ниво, сега вие со овој закон а пропо законот за рамномерен регионален развој, каде мора да им обезбедиме на единиците на локалната самоуправа да можат сериозно да конкурираат пред предпристапните фондови од Европската унија, а како што знаеме, ќе мора да положат 25% од бараното задолжување, ние на општините им ги кратиме крилата.

Господине заменик министре, јас повторно ќе го цитирам членот 82 од системскиот Закон за локалната самоуправа, дали вие имате во овој момент да ни понудите мислење од ЗЕЛС за овој Предлог закон. Имате ли став? Вие сте обврзани согласно закон, кога носите или предлагате закон кој се однесува на едниците на локалната самоуправа апсолутно да ги консултирате. И ова е десети пат што не го правите тоа. И немојте сега да не убедувате дека токму Владата на Груевски од пред два дена има намера да обезбеди рамномерен регионален развој особено на општините, а имаме еден куп такви општини кои се во сериозна финансиска криза. Точно така господине министер, овој амандман е предложен со цел, ако веќе Владата се јавува како гарант на задолжувањето на општината да мора општината да си обезбеди согласност, ако веќе ги оставаат општините сами да пливаат во својата финансиска неспособност и ако сами со обезбедуваат гаранција за тоа задолжување, нема што Владата да дава или да не дава мислење, односно гаранции. Нема зошто, не гледаме причини. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

За реплика се јави заменик министерот за финансии, повелете.

**Предраг Трпески:** Дискусијата воопшто не беше по амандманот, тоа е прво.

Второ, пратеникот Бендевска откако изгледа воочи дека направиле грешка со овој амандман и дека и да се прифати нема да биде во функција, ги измеша работите и почна да меша Министерството за финансии со Министерството за локална самоуправа, така што јас сум заменик на министерот, на Министерството за финансии. Вие очигледно не гледате кој стои тука, туку само дискутирате. Тие прашања што ги поставивте, кога ќе дојдат претставници од Министерството за локална самоуправа поставете ги прашањата. Како можете вака да се обраќате за локална самоуправа, заменикот министер за локална самоуправа, за законот за рамномерен регионален развој, а дискутираме по одреден амандман. Тоа може да се види.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута, госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Не, јас барам реплика на говорот на заменик министерот, а не контра реплика, бидејќи го имам тоа право, три минути.

**Бесим Догани:** Не, заменик министерот имаше реплика од три минути, имате право на една минута контра реплика.

**Весна Бендевска:** Вие му дадовте збор на заменик министерот за финансии.

**Бесим Догани:** Јас знам што дадов. Повелете една минута.

**Весна Бендевска:** Прво ќе му реплицирам, а потоа повторно ќе го искористам правото за збор.

**Бесим Догани:** Јавете се кога сакате.

**Весна Бендевска:** Најпрво, најостро реагирам на ...

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска, само да ви дообјаснам, секој пат кога некому давам збор дали е реплика, кажувам дека е реплика и велам повелете.

Макрадули, знам што дадов.

Госпоѓо Бендевска, една минута, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине потпретседателе, бевте должен да го прекинете излагањето на

заменик министерот, особено затоа што со впечатлива ароганција се обрати кон мене како избран пратеник согласно Уставот од македонските граѓани.

Господине минстре јас гласав за вашиот избор, а не вие за мене. Вие сте таму седнати да го браните Предлогот на Владата што во овој момент е пред нас, а ние ќе го гласаме.

Затоа, ве молам, согласно вашата положба да внимавате на вашето арогантно однесување кон мене како пратеник. Нема причина за нервоза. Треба да објасните зошто овој амандман е неприфатлив за вас како претставник на Владата на Република Македонија, а не да го коментирате моето излагање. Согласно Уставот, ние пратениците вршиме контрола врз работењето на Владата, а не Владата врз нашето работење што за жал е практика во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално, има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, сега од СМС пораката дознавме дека во петок има седница, а материјалите се уште не се поделени по пратениците. Дознавме по кулоари дека за еден од клучните закони амандмани треба да се поднесат утре до 11,00 часот и да не ги држиме службите ноќе 24 часа, да ве замолам во име на пратеничката група овде да прекинеме, за да имаме реална можност утре два часа, колку што се остава за демократија во Република Македонија, да поднесеме амандмани, да не ги малтретираме службите ноќеска во Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Сосема се согласувам со вас.

Затоа, тука ја прекинувм седницата.

За продолжение на седницата ќе бидете известени.

(Седницата прекина во 17,30 часот).